# За суетата и за објективноста на Величковски

Фридрих Ниче забележува дека честопати објективноста во донесувањето на некои судови е само фраза, дека во судовите каде што се појавува рамнодушноста, незаинтересираноста, која со својата трезвено-плитка мотивираност се однесува како објективна, во игра е суетата на авторот. Кај такви автори, предупредува Ниче,"својот суд треба поблиску да се мотивира според принципот дека секој човек има токму толку суета колку му недостасува памет".

Повод за ова размислување за суетата, преправена како објективно просудување, се два текста од професорот Владимир Величковски: едниот е објавен во Дневник (26.05.2003) со наслов Кичот навлегува во уметноста, а другиот во Наше писмо (април- мај 2003, бр.49) со наслов По повод „Социјалниот перформанс" (автобиографски запис). Ќе се обидам само да ја нагласам „објективноста" на судовите, а за тоа ќе се послужам со зборовите на авторот.

Во првиот текст пишува: „Скулпторите Станко Павлески и Томе Аџиевски во галеријата „Точка" го изложија својот проект-реакција дополнет со печатениот весник „Кино Напредок". (..) Протестот на одбиените автори (на конкурсот за учество на Венецискиото биенале, мое појаснување) се изразил во вид на неоконцептуалистичка поставка, која за работни материјали ја користи објавената одлука на комисијата (а таму, верувале или не, причината што некои проекти се одбиени е формулирана на следниов начин: „Отсуството на ликовната артикулација заменета е со претенциозната интелектуализација која во голема мера влијаела на недоследноста и на творечката свежина на концептите" мое појаснување), фотографиите на членовите на комисијата (а професорот беше дел од таа комисија, мое појаснување) и посебно ликовно и текстуално толкување на авторите по ова прашање. Сепак, проектот можел да добие значење на прва јавна реакција доколку бил креативно осмислен, без навлегување во неуметничките сфери на изразување". (...) Проектот станал илустрација за творечка немоќ и еден вид провинциски 'панаѓур на суетата'".

2. Во вториот текст пишува: „Социјалниот перформанс" е обид да се изрази личниот револт, да се намали едно тегобно чувство поврзано со еден конкретен повод. Имено, не еднаш наместо авторски хонорар добивам книги, практика (што некогаш драматично) можев да ја почувствувам". За да не го толкуваме накратко, ќе го опишеме перформансот: Професорот од големиот број книги што ги има објавено, „наместо да ги исфрли во контејнер", направил конструкција, „еден вид скалеста пирамида-жртвеник" на која е истурен парафин. На крајот, публиката го руши жртвеникот. Се работи за настан што е „подеднакво личен, социјализиран и критички осмислен чин", чин чија интенција беше на еден „творечки" начин да се артикулира крикот на авторот (а за да му даде тежина на перформансот тој како професор се повикува на голем број примери од историјата на модерната уметност, не заборавајќи, притоа, да ги спомне и остварувањарта на Станко Павлески !!!).

На крајот, по пат на дедукција, доаѓаме до еден интересен „објективен" заклучок: Професорот успеал сопствениот крик „креативно-критички" да го осмисли, додека проектот на уметниците „можел да добие значење на прва јавна реакција доколку бил креативно осмислен, без навлегување во неуметничките сфери на изразување."

„Панаѓур на суета"? Not Likely!

ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА

АПМНАМ
E-mail: dnevnik@dnevnik.com.mk Дневник www.dnevnik.com.mk
S·E·E·M·O
• Излегува секој ден освен во недела • Првиот број на весникот излезе на 20 март 1996 година.
Претседател на Собирот на содружници: МИЛЕ ЈОВАНОВСКИ • Генерален директор: ВЛАДИМИР ПЕШЕВСКИ • Извршен директор: ВЛАДИМИР БОГОЕВ • Технички директор: БОЈАН КИЦУРОВСКИ • Главен уредник: БРАНКО ГЕРОСКИ • Одговорен уредник: АЛЕКСАНДАР ДАМОВСКИ • Заменик-главен уредник: ГЕОРГИ БАРБАРОВСКИ • Уредници: МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КАТЕРИНА БЛАЖЕВСКА, ЛИЛЈАНА ДАМОВСКА, ХРИСТО ИВАНОВСКИ, СОЊА КАЗИОВСКА, ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ, СТОЈАНКА МИТРЕСКА, РОБЕРТ МИТЕВСКИ, СЛОБОДАН СОДИК, МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ • Технички уредници: ДАНИЕЛА РАДЕСКА, МИРЈАНА ГАЈДОВА • Уредник на фотографија: ЧЕДОМИР НЕНКОВИЌ • Лектори: РУЖИЦА ПЕЈОВИЌ, ЕЛЕОНОРА СТОЈКОСКА • Дописници: СВЕТЛАНА ЈОВАНОВСКА (Брисел), МЕНДЕ ПЕТКОВСКИ (Битола), РИСТО ТАСЕВ (Струмица) • Секретар на Редакцијата: ЗОРИЦА ЈОВАНОВСКА • Маркетинг: ГАБРИЕЛА РИСТОВА Тел: 297-565 • Дистрибуција и претплата: НИКОЛА КОНДОВСКИ (230-492, 230-486), адреса: Во кругот на фабрика „Треска" - Скопје • Адреса на Редакцијата:Теодосиј Гологанов 28, Скопје Тел: 297-555, Факс: 297-554 • Жиро-сметка: 300000000077248 • Девизна сметка 40100-620-16-25730522-20245, Комерцијална банка - АД Скопје • Даночен број: 4030993274799, Комерцијална банка АД Скопје • Печати: Печатница „ДЕ" д.о.о. - Скопје
• Според Мислењето на Министерството за култура бр. 08-95/505-505 од 08.031995 година, за „Дневник" се плаќа привилегирана даночна стапка.

30.06.2003